ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 05.06.2014

# СООПШТЕНИЕ

## ПРОМОВИРАН ВОДИЧ ЗА РАСТ И НАРУШУВАЊА НА РАСТОТ

„Растот не е само сантиметри...растот е показател на целокупното здравје“ е мотото на денешната прес-конференција што ја организираше Здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања „Раст“ во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија и ЈЗУ Здравствен дом-Скопје. Ова мото е и суштината на првиот „Водич за раст и нарушувања на растот“ што го презентираше здружението , а кој, според Александар Петровски, претседател на „Раст“ дава многу одговори и практични совети поврзани со нарушувањата на растот. Овој водич ќе им биде од огромна помош на родителите кај чии дечиња е поставена дијагноза за некакво нарушување на растот. Истовремено, водичот е дел од кампањата за рано препознавање на нарушувањата на растот што ја реализира Здружението.




Според Петровски, успешното лекување на децата со ендокринолошки заболувања нема да беше можно без огромниот ангажман на Фондот за здравствено осигурување. Директорката на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева-Змејкова , како што нагласи Петровски, покажа разбирање за сите проблеми на децата со ендокринолошки заболувања и сесрдно се труди да им се овозможи на овие деца најадекватно лекување. За партнерскиот однос, несебичната поддршка и придонес во унапредувањето на грижата за сите деца и децата со нарушувања во растот, Фондот за здравствено осигурување на Македонија доби благодарница од Здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања „Раст“.

Заблагодарувајќи се на признанието директорката на ФЗОМ Парнарџиева-Змејкова истакна дека Фондот е институција која постои за да им обезбеди најадекватна здравствена заштита на нашите

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

осигуреници. А, токму нашите осигуреници преку своите здруженија најдобро можат изворно да не информираат со кои проблеми се соочуваат во остварувањето на правата од здравственото осигурување и со своите предлози и нам да ни помогнат да го подобриме квалитетот на животот на лицата со различни заболувања .




Здружението „Раст“ донира 14 подвижни висинометри на ЈЗУ Здравствен дом- „Скопје“ наменети за советувалиштата за следење на растот и развојот кај децата. Донацијата ја прими и неа се заблагодари д-р Татјана Баевска-Вучковиќ, директор на Здравствен дом- „Скопје“.